**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

УП1Бр.12-499 од 14.03.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје, со бр. УП1Бр.12-499 од 28.12.2021година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број 0801-738/21 од 09.12.2021година, изработена од ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје„ за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број 0801-738/21 од 09.12.2021година, изработена од ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Фотоволтаични електрани на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран, изработена од ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје, со технички број 0801-738/21 од 09.12.2021година.
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Позитивно мислење од комисијата за урбанизам за одобрување на иницијатива,
- Полномошно,
- Графички дел на предлог планска програма,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.09-1252/1 од 30.10.2018година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со број УП1Бр.12-499 од 08.03.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранциев

Blazho Katrandjiev

Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2022.03.14 09:44:22 +01'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**